Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

**У К А З**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ТЕРИТОРИТОРИЈАЛНАТА ОРГАНИЗАЦИЈА НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за територијалната организација на локалната самоуправа во Република Македонија,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 17 февруари 2005 година.

Бр. 07-700/1
17 февруари 2005 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**д-р Љупчо Јордановски,** с.р.

## З А К О Н
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ТЕРИТОРИЈАЛНАТА ОРГАНИЗАЦИЈА НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Член 1

Во Законот за територијалната организација на локалната самоуправа во Република Македонија (“Службен весник на Република Македонија” број 55/2004), во членот 10 под б) точката 73 по зборот “Општина” зборовите: “Чешиново со седиште во село Чешиново” се заменуваат со зборовите: “Чешиново-Облешево со седиште во село Облешево”.

Член 2

Во членот 12  став 1 точка 70 по зборот “Брештани” се додава зборот “Броштица”.

Во точката 72 по зборот “Општина” зборот “Чешиново” се заменува со зборовите: “Чешиново-Облешево”.

Член 3

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија”.